MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. 08-2806/5
08-08-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на дваесеттата седница одржана на ден 05.08.2019 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-2806/1 од 23.05.2019 година.

Предметот со број 08-2806/1 од 23.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-2806/1 од 23.05.2019 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК на седницата одржана на 07.03.2019 година, по сопствена иницијатива заклучи да изврши увид за тоа дали поднеле Анкетни листови за имотната состојба Ректорите и Деканите на сите државни универзитети во Република Северна Македонија.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето Елена Хаџиева, во законски утврдениот рок по изборот на декан на Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при Универзитетот св. Апостол Павле - Охрид не поднело анкетен лист и изјава за интереси со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk